# УЧИЛИШЕН ВЕСНИК БР.1

## Средно Училиште на Град Скопје „Шаип Јусуф“ - Скопје

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ШАИП ЈУСУФ
*Тука започнува твојот успех!*

Издаден: Август, 2018 год.

# За Шаип Јусуф

*(Напишано од Рамуш Муарем за romatimes.news.)*




Професорот Шаип Јусуф роден е во 1933 година во Скопје а почина на 29 јануари 2010 година, беше и автор и преведувач. По завршување на средното училиште студирал и завршил како наставник по физичко воспитување во Белград, Србија. Тој заедно со Круме Кепески започна да ја пишува ромската граматика во 1973 година која во 1980 година во издание на Просветно дело од Скопје беше издадена во 3.000 примероци.

Тој воедно беше еден од иницијаторите и организаторите на Првиот Ромски Светски Конгрес во Лондон Велика Британија во 1971 година. Интересно е дека тој Исламот, го конвертира во хиндуизмот, која тој ја смета религијата на неговите предци - Ромите. Позначајни дела во неговата богата историја се и „Amen siam e Titoskere, o Tito si amaro"– „Ние сме Титови, Тито е наш" во 1978 година во српско - хрватско издание од Драго Здуниќ. За неговото дело и сето она што го сторил, денес во општината Шуто Оризари го носи името на средното училиште.

# За СУГС „Шаип Јусуф"

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ШАИП ЈУСУФ
*Тука започнува твојот успех!*

Училиштето е лоцирано во Скопје, општина Шуто Оризари. Во учебната 2015/2016 беше официјално отворено првото средно училиште во општината, тоа е нова градба по сите најнови стандарди и критериуми и во него во моментот посетуваат настава околу 300 ученици. Првиот в.д директор на училиштето беше г-ѓа Амела Хаки, а моментално е г-дин Доан Сулејманоски.

Воспитно-образовна дејност во училиштето се одвива во една училишна зграда со 12 училници и 6 училници со кабинети, 3 канцеларии, 1 наставничка канцеларија, 1 библиотека, 8 помошни простории, 1 фискултурна сала, 16 санитарни јазли и 3 простории подрумски за практична настава. Од училишните кабинети дел се опремени со компјутери и смарт табли и овозможуваат настава во современи услови. Училиштето исто така располага со наставни помагала и надгледни средства кои го подобруваат квалитетот на наставата.

Во училиштето работи високо-едуциран кадар којшто неуморно се посветени за квалитетен воспитно-образовен процес.

Во нашето училиште се образуваат ученици кои можат да изберат 3 годишно и 4 годишно стручно образование, ги поседуваме следните насоки:

- Економско-правна и трговска струка - Профил: Економски техничар
- Градежна-геодетска струка - Профил: Градежен техничар
- Здравствена струка - Профил: Медицинска сестра
- Лични услуги - Профил: Фризер
- Угостителско-туристичка струка - Профил: Келнер

# НАТПРЕВАРИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

## МЕЃУ КЛАСЕН ТУРНИР ВО ФУДБАЛ

На 04.04.2018 год. По повод "Меѓународниот ден на Ромите" во нашето училиште се одржа меѓу класен фудбалски натпревар на кој земаа учество сите ученици од сите паралелки.



Овој натпревар го организираа професорите по спорт и спортски активности Весна Трајковска Стерјов и Мартин Андоновски.



## НАТПРЕВАР ВО СТРЕЛАШТВО

Во месец ноември по предметот спорт и спортски активности се одржа натпревар во стрелаштво, кои го организираше Град Скопје



и беа учесници сите средни училишта. Натпреварот се одржа во СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин" - Скопје на 15 и 17 ноември.



На овој натпревар земаа учество Садета Агуш, Еџита Зејнелова, Рикардо Мустафа и Хусеин Усеин под менторство на професорот по спорт и спортски активности Весна Трајковска Стерјов.

## ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАРИ НА НИВО НА ГРАД СКОПЈЕ

Во првото и второто полугодие по предметот спорт и спортски активности реализирани се натпревари по фудбал кои се одржуваат во рамките на сите средни училишта на Град Скопје. Натпреварите се одржаа во СУГС Зефњуш Марку - Скопје. Натпреварите започнаа во месец октомври, а завршија во месец април. На овој натпревар одговорен професор е Мартин Андоновски.

## НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА

Натпреварот по хемија се одржа на 25-ти ноември 2017 година на Природно Математичкиот Факултет во Скопје по повод манифестацијата „Ноември – месец на науката 2017". Учествуваа ученици од I и II година од сите средни училишта на Република Македонија.



Нашите ученици под менторство на професорката по Хемија Габриела Апостоловска се претставија со следниве демонстрации:

Џенифер Сулејман се претстави со демонстрацијата „Слонова паста за заби“. Наталија Сали и Амдија Асан се претставија со „Хемиски часовник“ .



Мејрем Бајрам се претстави со „Оган на рака“. Учениците од нашето училиште Наталија Сали и Амдија Асан освоија III место, а тие беа под менторство на професорката по хемија Габриела Апостоловска.

## ОПШТО ОБРАЗОВЕН УЧИЛИШЕН КВИЗ

По повод 9 ти мај Денот на победата над фашизмот и Денот на ЕУ, училиштето организира општо образовен училишен квиз. Квизот содржеше прашања од повеќе области: историја, право, бизнис-економија, јазик-литература и прашања од општа култура.




За победничките тимови беа доделени дипломи и симболични награди. Благодарност до инволвираните професори, стручната служба и до директорот на училиштето. Честитки за наградените и за сите учесници.

## МАССУМ ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ

На 20 и 21.04.2018 год. МАССУМ - Младинската Асоцијација на Средни Стручни Училишта во Македонија организираше натпревар во 14 категории, а нашето училиште зазема учество на следниве:

### НАЈДОБАР ШТАНД

На штандот беа презентирани сите насоки од нашето училиште (фризери, келнери, градежни техничари, економски техничари и медицински сестри).

Секоја насока беше презентирана од страна




на учениците со рекламен материјал. Во оваа категорија училиштето освои **I место** под менторство на професорите: Душица Јовановска, Сузан Шакир Сулејмани, Елена Дамјановска, Мерсиха Мемеди, Милена Наумоска Мусовска и Мартин Андоновски

и учениците: Касм Сали, Курта Сали, Сенат




Фејзула, Сенада Јашар, Ѓулка Мамуд, Естира Али, Музафер Беџет, Рахман Асан, Санела Красниќ, Силвана Шакири, Џесика Таир, Елизабета Амета, Атин Неџиповиќ, Антонио Максимовиќ, Амдија Асан.

## НАЈДОБРА ФОТОГРАФИЈА

Во оваа категорија нашето училиште го претставуваше ученикот Шевка Кајтаз под менторство на професорот Игор Крстевски и го освоија **II место**.

## НАЈДОБАР ПИНГ - ПОНГАР

Во оваа категорија училиштето го претстави ученикот Рамондо Јашар под менторство на професорот по спорт и спортски активности Весна Трајковска Стерјов и го освоија **III место**.

## НАЈДОБРА МОДНА РЕВИЈА

Во оваа категорија учениците ја обработија темата „Убавицата и Ѕверот" и инспирирани од неа учениците заедно со менторите





изработија 4 фустани и костим за „Ѕверот". Сите фустани беа изработени од рециклирачки материјали (најлонски вреќи, хартија, весници, пластични цевки и сл.). Во оваа категорија училиштето освои **II место** под менторство на професорите Милена Наумоска Мусовска, Мелита Чаушовска и Аница Андевска.



## НАЈДОБРА ДРАМА

Во оваа категорија учениците се претставија со драмата „Воздишка за просторот".




Професорот Доан Сулејманоски е сценарист и режисер на оваа драма, а воедно и беше под негово менторство. Во категоријата за најдобра драма нашето училиште го освои **I место.**

## НАЈДОБРО CV НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Во категоријата најдобро CV на македонски јазик нашето училиште го претстави ученикот Рајф Азис под менторство на професорот Доан Сулејманоски.

## НАЈДОБРО CV НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Во категоријата најдобро CV на англиски јазик нашето училиште го претстави ученикот Сафет Сејфуловски под менторство на професорките по англиски јазик Милена Наумоска Мусовска и Благица Темова.

## НАЈДОБАР ЈАВЕН ГОВОР

Во оваа категорија нашето училиште го претстави ученичката Садета Агуш под менторство на професорите Бобан Јовановски и Доан Сулејманоски.



## НАЈДОБАР МАРКЕТИНГ ПЛАН




Учениците Рауф Азис, Фазлиовска Ибадет, Арифи Аделиса и Сали Тони изработија и презентираа Маркетинг план за реалната компанија „Сара Колант“, за линијата на хулахопки „Марта“.

Истите изработија целосна маркетинг стратегија за подобрување на положбата на пазарот на оваа компанија.
Во рамките на ова учениците изработија реклама, постер и предлог амбалажи за хулахопките од колекцијата Марта кои се атрактивни и привлечни за окото.



Во оваа категорија училиштето освои **II место** под менторство на професорите Наташа Николовска и Доан Сулејманоски.

СУГС „Шаип Јусуф“ беше едно од најнаградуваните средни стручни училишта во Република Македонија на МАССУМ Образовното рандеву. Со овие успеси се пишува историја на ова училиште! Честитки за учениците, менторите и за директорот на ова училиште за остварениот успех!



## МАТУРСКА ПАРАДА

На 18.05.2018год. на последниот училишен ден матурантите од сите средни училишта на плоштадот Македонија го играа танцот Квадрил и Салса. Оваа манифестација се одбележува во цела Европа.



Од нашето училиште СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје, учествуваа матуранти кои го претставија нашето училиште. Матурантите Амет Зекир, Амела Хајдаровска, Синан Бајрам и Емин Зекије, заедно со одговорниот професор по Спорт и спортски активности Весна Трајковска Стерјов и инструктор по танци Тодор Миладинов.



Танцот Квадрил и Салса учесниците го вежбаа во изминатите две недели, истиот е ставен во годишниот план и програма по предметот Спорт и спортски активности во завршните години. Ова е втора година како нашето училиште учествува на матурската парада.

## СИМУЛАЦИЈА НА СУДЕЊЕ – КАЗНЕНА ПОСТАПКА

На 06.07.2018 година се одржа СИМУЛАЦИЈА НА СУДЕЊЕ - КАЗНЕНА ПОСТАПКА по повод сторено казнено дело од член 386 ст.2 од КЗ на РМ. Ова беше завршен настан во рамки на Клубот Учиме право во соработка со нашето училиште.



Голема благодарност до Младинскиот Образовен Форум за несебичната поддршка веќе 5 години. Честитки за учесниците во симулацијата. Благодарност и до Бизнис Академија Смилевски - БАС за соработката.

## УСПЕШНИ И ПРИМЕНЛИВИ ИНОВАЦИИ

Во рамки на наставните предмети: претприемништво, економија и бизнис во училиштето се одржа клиничка настава - гостинско предавање на тема; „УСПЕШНИ И ПРИМЕНЛИВИ ИНОВАЦИИ“



Предавањето го одржа Михаил Арсовски, личност со достигнувања во оваа област, кој важи за еден од поуспешните млади истакнати иноватори и претприемачи.

## РАБОТИЛНИЦА БУЛИНГ И САЈБЕР БУЛИНГ

На 29.05.2018 год. група ученици од прва, втора и трета година присуствуваа на работилницата за булинг и сајбер булинг под менторство на педагогот Емилија Петрушевска и професорката по спорт и спортски активности Весна Трајковска Стерјов.



На оваа работилница учениците беа запознаени за поимот булинг-меѓуврсничко насилство и сајбер булингот кој е многу застапен кај нас и во светот.



Учениците гледаа еден краток филм “ОБЕЛЕЖАН” и потоа следеше дискусија за одгледаниот филм во врска со сајбер булингот. Исто така учениците беа информирани за застапеноста на булингот во училиштата и какви видови на насилство постојат.

По разговорот за изгледаниот филм учениците беа поделени во две групи и изработуваа хамери што беше поврзано со темата што ја работеа на оваа работилница.

## СЕМИНАР ПО ГЕОГРАФИЈА

На 05.05.2018 година, во преполниот амфитеатар на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, се одржа 6-тата седница на Собрание на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ.



Во функција на градење колаборативни образовни мрежи, како специјален гостин на седницата беше најпопуларниот професор на Балканот, м-р Дејан Немчиќ од Р. Хрватска кој одржа апликативен час на тема: „Образованието во 21 век – како на часот по географија се споивме со луѓето од сите континенти“. Генијалниот професор по географија ги збогатува своите предавања со примена на технологијата и дигиталните алатки и вешто ги пренесува искуствата од целиот свет во предавалните.



Тој на крајот од своето излагање, го најави својот пат во вселената, а имајќи во предвид дека е почесен член тој е дел од нашето големо семејство, тоа значи дека и ЗПГМ „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ ќе биде дел од екипажот. Од присуството на седницата ние како учесници се запознавме со измените на програмите по географија и начините на различни предавања на часовите по географија.

## ПРОСЛАВА ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РОМИТЕ

СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје, свечено со програма го одбележа МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РОМИТЕ - 8 ми Април.



Се реализира програма од културно-историски карактер и меѓу класни спортски (фудбалски) натпревари.





Гости на оваа манифестација беа директорите од образовните институции на подрачјето на Шуто Оризари, претставници од Град Скопје како и Градоначалникот на Општина Шуто Оризари кој го посети училиштето, а за крај на манифестацијата засади и зелени дрва во дворот на училиштето.



# СОРАБОТКА СО ЦРВЕН КРСТ

Соработка помеѓу нашето училиште СУГС „Шаип Јусуф" и „Црвен Крст на Град Скопје" е започната од минатата учебна 2016/2017 година. Како и минатата година така и во новата учебна 2017/2018 година продолжуваме со соработка и реализација на многубројни активности, организирани од страна на активистите на „Црвен Крст на Град Скопје". Во нашето училиште за прв пат во оваа учебна година отстапивме просторија за Едукативен центар за Шуто Оризари.

## ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ВО ЗАЕДНИЦАТА

Во рамките на проектот – Училишен клуб за едукација и превенција во Шуто Оризари – PD Approach или позитивен пример во заедницата финансиран од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и имплементиран во СУГС Шаип Јусуф во Шуто Оризари од страна на ЦКГС, на ден 29.11 и 06.12.2017 година, претставници од Црвениот крст на град Скопје во СУГС Шаип Јусуф продолжија со активностите во училиштето предвидени во проектот кои се состоеја во индивидуални интервјуа и групни разговори со средношколците кои ја посетуваат наставата во училиштето.

На ден 29.11.2017, беа одржани две работилници во времетраење на еден училишен час. На овие работилници активно учество зедоа ученици од прва година.

На ден 06.12.2017, беа одржани четири работилници исто така, во времетраење на еден училишен час. На овие работилници активно учество зедоа ученици од прва, втора и трета година.

Главната цел на работилниците е подобрувањето на школскиот живот и наоѓање на начини да се обезбеди подобра насока кон матурирањето и започнувањето на живот на возрасни личности во општеството.

Работилниците се одвиваа преку интерактивен разговор и одговарање на неколку прашања како:

– Дали и кои активности ги имаат учениците надвор од школската настава,

– Како изгледа еден ден кај ученикот од наутро до навечер,

– Дали и со какви проблеми се среќава ученикот во и надвор од училиштето,

– Што е тоа што подобрите ученици го прават и со тоа имаат подобри успеси

– ... и слични прашања од секојдневниот живот кои се поврзани со целокупниот образовен процес на ученикот.

Овие работилници ќе продолжат да се реализираат и понатака, со цел разговор со сите ученици кои ја посетуваат наставата во СУГС „Шаип Јусуф" во Шуто Оризари, Скопје.

## ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Црвен крст на град Скопје, преку Клубот на млади, се приклучи во глобалната иницијатива за борба против трговија со луѓе и одбележување на светскиот ден против трговија со луѓе. Преку едукација, на едукативни работилници, беа опфатени 4 волонтери од Клубот на млади на Црвен крст на град Скопје како и средношколци од училишниот клуб за едукација и превенција во СУГС „Шаип Јусуф"

На едукативната работилница учествуваа 34 ученици од прва година , градежни техничари



и акцент се стави на подигнување на свеста кај младите за оваа појава, како и препознавање на механизмите за заштита од вовлекување во синџирот на трговија со луѓе.

# Team building за професорите при СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје

*30 – 31 Март, 1 Април 2018*
*Солферино, Струга*

Црвен крст на град Скопје во соработка и со поддршка од Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина (IFRC) во рамките на проектот Позитивен пример во заедницата – Училишен клуб за едукација и превенција во Шуто Оризари, во период од 30,31 Март, 1 Април 2018 година, во



Тренинг Центарот – Солферино, Струга, одржа обука наменета за стручната служба во СУГС Шаип Јусуф, Скопје.

На тема – Тим градење, со цел изнаоѓање на подобар и поефикасен модел на тимско функционирање и работење во тимот. Обуката ја водеше обучен тренер во оваа област преку различни активности на следниве теми : Градење група динамика, Комуникациски вештини, Комуникација и емоции, Тимска работа, Тимска олимпијада, Креативно размислување надвор од рамките, влијание и мотивација во тим и планирање и организирање.



Покрај редовните активности реализирани и поврзани на оваа тема, на обуката од страна на обучувачот и претставникот на ЦКГС, беа презентирани деветте најважни теми (добивање и барање помош, авторитет од родител, користење на социјални мрежи, интеракција помеѓу наставник – ученик, соработка помеѓу наставник – родител, интерес за учење, однесување со почит, редовност за време на часови и важноста на пријателите)



добиени преку претходно реализираните индивидуални интервјуа со учениците и наставниците во училиштето, а кои се многу важни во целокупниот образовен процес за сите учесници во истиот (ученици, родители и наставници).

Информирана стручната служба од училиштето за подготовката на прашалници наменети за сите три групи испитаници а подготвени од тимот на Клубот за превенција и едукација во Шуто Оризари при ЦКГС, како и најава за идните активности – реализација на Форум Театар во кој активно учество ќе земат учениците кои ја посетуваат наставата во училиштето во рамките на проектот. На обуката активно учество земаа директорот на училиштето и 19 наставници како и 1 претставник на стручната служба на Црвен крст на град Скопје.



## КИНО ПРОЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА

Во рамките на проектот на ОБСЕ, Градот Скопје и СВР Скопје „Безбедни училишта", на ден 18.10.2017 год., ученици од прва, в тора и трета година, заедно со професор Милена Наумоска-Мусовска и Елена Минговска присуствуваа на кино проекција на филмот „Набљудувачи", којшто се однесуваше на борбата против трговија со луѓе. Настанот се одржа во кинотека „Другарче" –Скопје. Превозот, како и целосната организација беа покриени од ОБСЕ. Учениците активно се вклучија во дебатата и анализата на филмот.



Целта на оваа посета беше да се поттикне свеста кај учениците за опасностите од трговијата со луѓе, но и да се подучат како да препознаат потенцијални трговци со луѓе.

## ПОСЕТА НА КИНО ПРОЕКЦИЈА

Со цел зголемување на мотивацијата на учениците, како и нивна социјализација надвор од училиштето, на крајот од секое тримесечје класот Економски техничари со класен раководител Милена Наумоска-Мусовска, самоиницијативно посетува некаков настан од културен карактер. Во декември 2017 год, учениците заедно со класниот раководител посетија кино проекција во киното „Милениум" на филмот „Тато се врати 2". Поради тоа што во учебната 2017/2018 се укина бесплатниот влез за ученици во киното, класниот раководител, во преговори со раководството на киното,



успеа да обезбеди 18 бесплатни билети за кино проекцијата.

Превозот до центарот на Скопје беше финансиран од страна на родителите. Целта на оваа активност беше да им се даде пример на учениците за квалитетно организирање на слободното време.

## ПОСЕТА НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „СВАДБАТА НА ФИГАРО"



Во месец март 2018 год. учениците од втора година Економски техничар, заедно со класниот раководител Милена Наумоска-Мусовска, посетија театарска претстава „Свадбата на Фигаро" во МНТ. Посетата имаше за цел рекреација, дружење и квалитетно организирање на слободното време, како и стекнување на навики за посета на културни настани. Посетата се оствари на иницијатива на класниот раководител, а билетите беа платени од страна на родителите.

## ПОСЕТА НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ"

Активност спроведена по иницијатива на професор Милена Наумоска-Мусовска. Ученици од I год. Економски техничар и II год. Економски техничар, заедно со професорите Доан Сулејманоски и Елена Дамјановска посетија театарска претстава „Сомнително лице" во МНТ, во месец ноември 2017 год.



Оваа активност имаше за цел создавање навика за посета на културно-уметнички настани кај учениците, а воедно и вреднување на театарската уметност.

## ПОСЕТА НА САЕМОТ ЗА КНИГА

На 08.05.2018 година заинтересираните ученици од II и III година економски техничар во рамките на предметот практична настава и I година медицински сестри го посетија саемот на книгата. Учениците се задоволни од посетата. Секој од нив пронајде и купи најмалку по една книга која го привлече нивното внимание. Посетата имаше образовно-едукативен карактер.

## ПОСЕТА НА ПЛАНЕТАРИУМ

Посетата на Планетариумот се одржа на ден 03.04.2018 год. Присуствуваа ученици од II и III година.



На почетокот се изврши предавање од стручната служба во планетариумот, со што учениците се запознаа со ѕвездите и соѕвездијата, планетите и сончевиот систем. Земјата и нејзината ротација . Целта на оваа посета беше учениците да ги продлабочат и прошират своите знаења во однос на Географијата како наука и истата беше успешно реализирана со тоа што се стекнаа со нови знаења и со внимание го следеа и слушаа предавањето.

## ПАТРОН ПРАЗНИК

По повод прославата за патрониот празник на училиштето СУГС „Шаип Јусуф", на 27.12.2017 год. Одговорниот професор, заедно со 15 ученици од прва, втора и трета година, подготвија фолклорна точка, која имаше за цел да го претстави нашето општество како мулти-етничко и мулти-културно. Мотото беше „Обединети во различноста".

Фолклорната точка започна со рецитирање на песната „Тешкото" од Блаже Конески, а потоа учениците одиграа фрагмент на „Тешкото Оро". Како надоврзување на „Тешкото Оро", ученички до прва и втора година одиграа фрагмент од „Невестинското Оро". Крајот беше одбележан со традиционално Ромско оро. Учениците, успешно го прикажаа



обединувањето на различноста со последниот дел од овој настап.

За повпечатлива реализација на овој настап, македонските народни носии беа обезбедени од Ансамбл „Јонче Христовски" –Скопје.

## ЗГОЛЕМЕН ФОНТОТ НА УЧЕБНИЦИ И ЛЕКТИРИ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Во текот на месец март нашето училиште обезбеди околу 500 учебници и со тоа ги доопреми учениците со наставни помагала кои им недостасуваа за поквалитетно знаење по општо-образовните и стручните предмети. Благодарност за






несебичната соработка на СУГС „Арсени Јовков" Скопје кои ни излегоа во пресрет. Исто така се опреми и нашата библиотека со книжевни дела потребни за реализирање на наставата по предметот македонски јазик и литература.




Директорската позиција во оваа институција ја гледам како предизвик, затоа што пред се тоа е голема одговорност, дозирана со високо ниво на разбирање и мотивација за напредок и развој како на вработените така и на учениците.

Секогаш имам водечка максима прв да ја започнам работата и да бидам, првиот меѓу еднаквите кој рамо до рамо со другите ќе работи и придонесува за подобрување на ученичкиот стандард, современото образование и пред се разбирањето на потребите на младите.

Често напоменувам дека ученикот е центар на училишниот свет и дека се почнува и завршува од него, од неговите интереси и потреби. Нашето училиште е пример како претежно младиот и неуморен кадар, несебично и секојдневно преку високо ниво на кооперација и почитување на принципите на тимска работа, меѓусебно разбирање и толеранција, како и почитување на различностите е дел од образовниот систем во државата.

Ние сме ново училиште кое допрва го истакнува својот капацитет и го создава својот углед. Од самиот момент на доаѓање на оваа раководна функција најавив промени, нови проекти и нов современ начин на менаџмент и училишна организација. Па така воведовме двосменско работење, во современо опремени и организирани кабинети, дел по дел ја опремивме библиотеката и создаваме услови за отворање на читална. Секојдневно излагаме во пресрет за потребите на наставниците за што поуспешна реализација на наставните градива и се залагаме за поквалитетна практична настава, затоа што пред се сме стручно училиште. Исто така го зголемивме и учеството на родителите и учениците во училишниот живот и одлучување. Новите предизвици на училиштето се паркот кој што ќе послужи за рекреација и одмор на нашите ученици, како и новите профили кои што се планираат  за во иднина, униформирање на нашите ученици, воспоставување соработка со бизнис заедницата, како и семинари и обуки за развој на вештините на наставниот кадар и нашите ученици.

**„Големите ветувања носат многу поголема одговорност, но сепак преостанува времето и делата да зборуваат за сработеното.“**

Со почит,
Доан Сулејманоски


















Средно Училиште на Град Скопје – „Шаип Јусуф“
ул. Вашингтонска бр.44, 1000 Скопје, Македонија
+389 2/2600-307
www.sugsshaipjusuf.edu.mk
shaipjusuf@gmail.com